Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

## од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:05 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваше и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествува: претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 8 февруари 2022 година, со Предлог – одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 8 февруари 2022 година, со Предлог – одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 8 февруари 2022 година, со заклучок на страница 4 од Записникот, во Заклучокот број 3 наместо зборовите „на целата територија на Република Северна Македонија“ да стојат зборовите „на подрачјето на Град Скопје“.

2. Го утврди Предлогот на одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 30 април 2022 година) и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

**1.** Владата ја определи Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење за претставник на Владата по Предлогот на декларација за борба против корупцијата како стратешки приоритет на државата и државните политики во Собранието на Република Северна Македонија, на местото на Љупчо Николовски, поранешен заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

**2.** Владата по задолжението од заклучокот од Единаесеттата седница на Владата, одржана на 8 февруари 2022 година, а во врска со Дописот од Собранието на Република Северна Македонија за потврдување на предлози на закони, материјали и мислења кои се во собраниска постапка, доставени од претходниот состав ПОВТОРНО заклучи:

- се задолжуваат сите министерства до 11 февруари 2022 година (петок), до 12 часот да го известат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија дали и за кои материјали остануваат на веќе доставените предлози на закони, акти и други материјали од претходната Влада до Собранието на Република Северна Македонија како и предлози за повереници по истите.

Доколку министерствата не се произнесат до дадениот рок, ќе смета дека истите остануваат на предлозите кои се доставени до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата заклучи:

- Се препорачува на органите на управување на АД МЕПСО – Скопје во однос на финансирањето и обезбедувањето на ликвидност на Друштвото во текот на годината да се обратат до комерцијалните банки со цел економично финансирање на потребите во текот на 2022 година.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:15 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **Мухамед Зеќири** | **Д-р. Артан Груби** |